# 52. ВО СТРУМИЦА НА УЛИЦА




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

## 52. ВО СТРУМИЦА НА УЛИЦА

Проклет да биде, среќа да не види
кој првпат почна.
Кој првпат почна, љубов да води
две срца да страдаат.

2. Во Струмица, на улица
излегов да шетам.
Грбот ми го сврте и тивко ми рече
јас не те сакам.
Јас си заљубив друго либе
заљуби си и ти.

3. Очи насолзени, срце растажено
отидов далеку,
Проклет да биде, среќа да не види,
кој прв пат почна.
Кој првпат почна љубов да води
две срца да страдаат.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996